OLIVIER PICARD et alii, *Royaumes et cités hellenistiques de 323 à 55 av. J.-C.*, Regards sur l'histoire, SEDES, 2003, pp. 239.

Трудот „Хеленистички кралства и градови, 323-55 ст.е." е дело на проф. Оливие Пикар и на неговите соработници: Жил Гор и Доминик Прево од универзитетот Париз IV (Сорбона), Фредерик Дира од универзитетот во Орлеан и Франсоа де Калатај, директор на студиите на париската Висока школа и на белгиската кралска библиотека.

Основно обележје на нивниот труд е проблемскиот пристап кон тематиката: авторите, во основа, се занимаваат со модалитетите според кои биле направени и се развивале хеленистичките монархии: нивниот политички и економски систем, нивната идеолошка подлога, како и односите со веќе постоечките политички единки во источниот Медитеран - хеленските полиси, и тоа пред сè на практичен, но и на теоретски план - како судир на два антитетски политички принципи.

Појдовна точка на делото е луцидната забелешка дека најголемиот проблем по смртта на Александар III не било тоа што кралот не оставил наследник, туку нешто многу посуштествено - тоа што кралот не оставил заокружен политички модел. Новиот облик на кралство бил зачнат, но недовршен, што најубаво се покажало по 323 ст. е.: иако сите покорени народи, полиси, држави и организации начелно ја прифатиле новата политичка реалност, тие продолжиле да си бараат точно определено место во неа. Од друга страна, државите на дијадосите допрва требало да се обликуваат: овој процес, во општи рамки, течел во согласност со основните определници што ги поставил Александар, но поважни, сепак, биле миговните можности, потреби и услови на секоја територијална целина поодделно. Не можејќи да се потпрат врз веќе востановен, успешен модел на владеење, наследниците морале да реагираат секој на свој начин, што предизвикало воспоставање на нови принципи во политиката и војувањето. Токму на испитувањето на таа разноликост е посветена *првата голема целина* од овој колективен труд, „Времето на македонските кралства" (15-146), поделена на четири глави.

*Првото поглавје* - „Лагиди: создавање на кралството" се однесува на мотивацијата, проблемите, решенијата и резултатите во текот на воспоставањето на власта на Лагидите во Египет. Со посочување на одбрани извори, О. Пикар успешно покажува дека основниот проблем на идниот основоположник на династијата било несогласувањето меѓу неговите амбиции - да се воспостави целосна контрола над речиси баснословните богатства на земјата - и средствата и војската со кои располагал (освен неговите, тој имал само неколку илјади војници, оставени од Александар). Птолемај, како што е добро познато, задачата ја исполнил успешно и ги удрил темелите на најбогатото и најтрајно хеленистичко кралство; за жал, она што е најинтересно - како се поставил, и кон кои решенија прибегнал - тешко може да се насети од изворите, кои содржат последователни прикази на сите битки меѓу дијадосите, но не и на овој процес.

Сепак, поаѓајќи од веќе добро востановени факти, преку посредни сведоштва, опсежна анализа на зачуваната документација и на општите текови во тоа време, авторот - се чини, сосем успешно - успева да го реконструира општиот тек на нештата. Птолемај вла-

деел со територија чија социјална структура останала речиси несменета уште од времето пред персиското освојување; во такви услови, за да ги нагласи и потхрани својот добар глас и слава, тој немал други адути и оружја, освен ликот на починатиот Александар III. Впрочем, само на тој начин и можел да биде прифатен како господар на Египет: тој не ја освоил земјата со копје, но бил легален наследник на вистинскиот господар.

Волјата за независност на Птолемај била очигледна уште од почетокот, но задачата воопшто не била лесна. Кралот умешно ги искористил каналите (сп. непријателствата со Пердика во 321 ст.е.), но неговата војска, која допрва се создавала, сè уште не можела да се мери со онаа на другите дијадоси. Изворите, за жал, не ни дозволуваат увид во начинот на кој војската на Птолемај била собрана и дооформена; сè што може да се извлече од античките извори е дека јадрото на војската го сочинувале платени македонски војници - бездруго од силите на Александар - и наемници од Крит, Аркадија, Ахаја и Ајтолија, а интересно е и вклучувањето на хебрејски и галски контингенти, како и на египетските *makhimoi*. За жал, најинтересното прашање - на кој начин и зошто лесно вооружените Египјани станале хоплити - засега останува без јасен одговор.

Сосем е поинаков случајот со флотата, што О. Пикар го анализира особено детално и јасно. Тој аргументирано ја отфрла можноста дека новата египетска флота била инструмент за надбивање на кралот за власт во источното Средоземје; напротив, анализирајќи ги поединечните епизоди од подоцнежните иницијативи на море, тој покажува дека поморската сила била, пред сè, оружје за да се остане во врвот, заедно со другите силни дијадоси - еден вид технолошко предимство, кое кај другите го немало, или барем не во толкава мера. Навистина, флотата сосем ретко имала ударна улога во војувањето; но, без оглед на тоа, Птолемаидите непрестајно се труделе да ја задржат цврстата и непосредна контрола над Фојникија и Кипар, најблиските области од каде што се снабдувале со дрво.

Одржувањето на ваква копнена и поморска воена сила, навистина, било скапо, но Птолемај имал средства за тоа. Голем дел од вкупниот приход на Египет, што се движел од 12 до 15 илјади таланти годишно, доаѓал од земјоделието; всушност, во благајната на Птолемај се слевало половина од сè што раѓала земјата, независно дали останувало во Египет или се извезувало. Ова, пак, нè упатува кон едно очигледно и, како што ќе се покаже, мошне важно прашање. Врз основа на што Птолемај можел да устрои таков принцип на распределба на вишоците на вредност? Или, поскоро, какво било местото на кралот во новоосмислената басилеја, и врз каква идеологија почивало? Важноста на ова прашање се гледа од одговорот и импликациите што од него следат. Како и другите дијадоси, и Птолемај управувал со територија со добро востановени традиции, навики и општествени законитости, што ги знаел и разбирал сосем малку или воопшто. Единствениот избор бил да се осмисли еден вид лична басилеја - нешто апсолутно спротивно на македонските обичаи и правила на владеење. За да се основа држава и за да се обезбеди кохезија на едно општество, не е доволно само да се располага со воена сила и со начин да се администрира територијата: во мигот кога било поставено прашањето за природата на новата монархија, Птолемај ги пренебрегнал македонските традиции, со што завршила сличноста со

Александар и со македонското кралство. Со прашањата зошто и како било сторено тоа, навлегуваме во сржта на проблематиката на овој труд: принципите на новата кралска идеологија, што непосредно ќе ги услови и односите со составните делови на хеленистичките кралства.

Треба да се нагласи дека Птолемај, веројатно, немал друг избор, освен да иновира. Хеленистичката монархија во зародиш страдала од идеолошки дефицит. Да се наследи египетскиот модел било можно само во Египет - персоналниот карактер на другите кралства, разнородноста на социјалните групи и мошне разновидната религиозна практика го оневозможувале наметнувањето на ова решение на поширок план. Та дури и на внатрешен план, равенството фараон = басилеј не можело да оди подалеку од свештеничкиот слој, значаен фактор во египетското општество во кое Лагидите требало не само да се интегрираат, туку и да го поведат напред.

Јасно, во вакви услови била потребна иновација што не им била туѓа ниту на другите дијадоси - дивинизацијата. Неа, пак, Пикар извонредно ја проследува анализирајќи ги монетите не само на Птолемај Сотер, туку и на неговите наследници, што ќе го доведе до мошне интересен заклучок: наспроти обичајот во Македонија, каде секој нов крал кова и нов тип монети во согласност со традицијата на кралството и на династијата, наследниците на Птолемај Сотер воопшто не ги менуваат монетите на родоначалникот на кралската куќа; ова укажува дека во Египет не станува збор за дивинизација на владетелот, туку - на династијата. Птолемај II, во основа, ги удира темелите на кралската „божествено-династичка“ идеологија.

Во второто поглавје, Жил Гор непосредно се надоврзува на поставките на Пикар и ја испитува реакцијата и, воопшто, односот на египетското свештенство кон новата идеологија. Главната грижа на Александар по доаѓањето во Египет била да го придобие свештенството; и Лагидите, во прво време, слободно можеле да се повикуваат на него и да бараат да бидат прифатени на истиот начин. Но, по толку и толкави иновации во управата и во државната идеологија, тие морале одново да се соочат со реакцијата и интересите на свештенството: имено, храмовната и државната сфера во Египет, по традиција, биле испреплетени. Свештеничкиот слој во минатото бил нераскинливо врзан со фараоните и власта; државните службеници биле и храмовни, и обратно. Анализата на зачуваните наративни и епиграфски извори покажува дека во регулирањето на односите со египетското свештенство може да се препознае третата иновација, веројатно дури и поважна од основањето на флотата и дивинизацијата на династијата: Птолемаидите го институционализираат и контролираат свештенството токму прифаќајќи ги традиционалните односи - со интегрирање на свештенството во државата. На египетските свештеници нерeтко им се доверувале важни задачи во управувањето со државата; но, почнувајќи од III век ст.е., се чини дека нештата тргнале и во спротивна насока - Хелени и Македонци почнале да добиваат храмовни функции. Со ова преклопување на државната и храмовната сфера, поданиците почнале да одбираат функции кои нуделе повеќе можности за напредок во службата и, разбирливо, сè почесто ги одбирале државните. Храмовната сфера на интерес и влијание почнала неповратно да отстапува пред државната; ова, впрочем, најубаво може да се согледа од пропагандниот потег на

Клеопатра VII која, нарекувајќи се Philopatris, алудирала токму на новата, блиска врска на владетелот со земјата и поданиците. Египет, констатира авторот, најпосле излегол од фараонскиот светоглед; но треба да се напомене дека тоа, за жал, му успеало токму пред да излезе од хеленистичкиот.

Преку собитијата од Египет, добро посведочени како со економски, така и со политички документи, може да се добие убава слика за процесот на раѓање на новиот тип на државно уредување. Па сепак, за истражување на односот на новата монархија кон хеленските полиси, сведоштвата од Египет се бесполезни, зашто во египетската *khora* немало хеленски полиси. Токму затоа, во *втората глава* од овој труд - *„Градови и кралства: политичка рамнотежа“*, О. Пикар го насочува своето внимание главно кон кралството на Селевкидите.

Уште на почетокот, нужно е да се поцрта спорниот карактер на основните појдовни точки за анализата што следува; станува збор за самостојноста на хеленските полиси по битката кај Хајронеја и, воопшто, за тоа дали по 338 ст.е. полисот функционира како самостојна единка. Во согласност ставовите на школата на Л. Робер, и Пикар цени дека полисот продолжил да функционира како (речиси) самостојна политичка единка сè до времето на римското навлегување во Азија. Она што е дискутабилно, сепак, не е стојалиштето на авторот, зашто за ова прашање сè уште се водат дискусии во научниот свет; дискутабилна е, поскоро, леснотијата со која авторот, без речиси никаква аргументација, уште на самиот почеток го отфрла ставот на спротивставената страна како застарен и неприфатлив, без да остави макар и најмал простор за размисла или корекција, по што продолжува со својата анализа, која би требало да го поткрепи неговото тврдење. Без потреба понатаму да спориме за оваа поставка, ќе се задржиме врз анализата, која најубаво ќе ни покаже дали ставот на авторот е прифатлив.

Да тргнеме од состојбата на теренот. По поделбата на кралството на Александар, една од главните карактеристики на азискиот дел била таа што во него биле концентрирани безмалку сите хеленски полиси вон копнена Хелада: владетелот на Азија, за разлика од владетелот на Египет, морал постојано да води сметка за уште еден елемент во неговото кралство. Дијадосите не можеле да комуницираат со полисите само преку дијаграми и простагми (како што тоа го правел Александар), туку, притиснати од меѓусебните војни, поскоро мораде да се надбиваат за нивната наклоност и поддршка. Прокламацијата на Антигон од 315 ст.е. и мировниот договор од 311 покажуваат колку за секој полис била важна ветената слобода, што била основна концепција на полисното уредување. Но што подразбирала оваа прокламирана слобода? Во прв ред, почитување на внатрешната автономија (градот се управува според сопствените закони и сам си ги бира магистратите), но и прифаќање на состојбата *aphoretos / aphrouretos / astathmeutos*. Наративните извори кажуваат дека војната во хеленистичкиот период е војна меѓу кралеви; натписите, пак, сведочат дека главните адути на полисот во полза на независноста биле воените капацитети и волјата за отпор. Авторот споменува неколку декрети со специфични изрази на кралско уважување и гаранции за слобода, но додава и неколку класични воени епизоди - на пример, опсадата на Родос. Но опсадите, всушност, се ретки, и

претставуваат екстремна разврска на затегнатоста меѓу градот и кралот: победениот полис ризикува да исчезне, а опсадувачот - да потроши премногу време и пари потребни за други проекти, та е сосем разбирливо што обете страни претпочитале поскоро да ги уредат своите односи по пат на преговори.

Зошто кралевите би го прифатиле ова? Од анализата на авторот произлегува дека кралевите воопшто и не сакале да имаат непосредна контрола врз градовите; тие, пред сè, немале на располагање доволно луѓе, а освен тоа, би било незамисливо да управуваат со религиозната практика и внатрешните работи на заедница што воопшто не ја познавале. Но, за сметка на ова, кралевите барале гаранции дека полисот нема да мине на страна на непријателот, ниту пак, ако се јави потреба, на каков и да е начин ќе ја ускрати помошта во пари и војска. Понатаму се разгледува положбата на градовите од аспект на воените собитија, на фискалната политика и, најпосле, начинот на кој се вклопувале во општите определници на кралската политика.

Уште поважно е прашањето за местото на полисите во кралската фискална политика. Но, податоците за фискалната политика на кралевите, особено за полисите, се скудни, расеани и ограничени на по еден специфичен случај, та можеби е најубаво - токму како што тоа го прави Пикар - да се фати општата нишка на односот полис-басилеја. Пред походот на Александар, малоазиските полиси биле даночни обврзници на персискиот крал; Александар не изменил ништо освен висината на данок, и тоа само за одреден број полиси. Дури и да сакале, дијадосите не можеле да го намалат данокот, првенствено поради огромните воени трошоци; сепак, честите престројувања на воено-политичката сцена оставале извесно место за преговори и за специфични решенија. Изворите, очигледно, не даваат никаков повод да се претпостави дека полисите воделе самостоен фискален живот во рамките на кралството, и сè што може да се извлече од изворите е - дека некои полиси добиле одредени ослободувања.

Кралската политика кон полисите не била ограничена само на воени и на фискални интервенции. Лисимах (но и другите дијадоси), на пример, умеел да ги присили полисите во Мала Азија на прегрупирање, и тоа преку добро познатиот облик на синојкизам, деликатна операција со која директно се уривале најважните полисни традиции - домот, огништето, обработливата земја, организацијата на култовите и на судството. Најубав пример за ваков синојкизам е Смирна, додуша преселена на толку добро обмислена местоположба, што и ден денес ги ужива благодетите на тогаш проектираното пристаниште; но, синојкизмот некојпат подразбирал и употреба на сила, за што сведочи примерот со новиот Ефес (или, поточно, Арсиное), за чие основање Лисимах го уништил стариот Колофон и ги принудил жителите да се преселат.

Што, во основа, покажува анализата на авторот? Политичките институции во хеленските полиси и натаму непречено функционирале, а собранието, советот и магистратите се избирале без никаков застој. Секој полис, како и порано, се гордеел со својата политеја, а на агората сè уште се воделе политички борби за власт и влијание. Сепак, нужно е да се потцрта нивото на кое овие детали биле аплицирани. Полисите навистина се грижеле за својата одбрана, но никогаш не излегле од дефанзивната сфера, ниту пак, на пример, се

групирале да за осмислат некое офанзивно дејство против кралот и државата; на економски план, тие можеле да добијат делумно ослободување од данокот, но немало место за сопствена надворешна фискална политика. Најпосле, ако политиката на кралот ги укинувала сите полисни традиции, граѓаните немале голем избор, уште помалку место за отпор или барем преговори. Според сè, Пикар е во право кога вели дека полисот од III век ст.е. многу наликува на полисот од IV век ст.е.; но, би морале да забележиме, оваа поставка е точна само од аспект на внатрешното функционирање на полисот како заедница на граѓани. Наспроти непречениот развој на институциите од внатрешниот живот на полисот, авторот не посочува ниту еден пример на полис со макар минимално воено и политичко значење во надворешната политика.

Некои аспекти од оваа состојба можат да се препознаат и во *вториот дел на оваа глава*, во кое Ф. Дира ја прикажува состојбата во Фојникија. Во време на походот на Александар III, Фојникија била уредена по принципот на градови-кралства. По походот, Фојникија одненадеж се нашла во жариштето на случувањата; во мигот кога непријателствата завршиле, фојникиски кралеви повеќе немало, градовите биле управувани од магистрати, градската елита забрзано се хеленизирала, а Фојникија се восприемала како отворена област, територија без традиционална политичка кохезија. Ова, секако, не ги спречило градовите да изгласуваат декрети за постојаните спорови со непосредните соседи, да се надбиваат за локално првенство и да тврдат дека се метрополи на сите други градови; но, сево ова имало исклучиво локално значење и, би се рекло, речиси не го засегало кралот и кралството. Дали е ова убав показ за она што, наспроти ставот на Пикар, најверојатно се случувало со хеленските полиси? Без оглед на сè, станува збор за прашање, што ги покажува, пред сè, разликите во теоретските гледишта на две спротивставени школи, и се чини, тешко дека ќе биде затворено набргу.

Во *третата глава* - *„Медитерански трговски размени“* (98-126), О. Пикар истражува во колкава мера и на кој начин политичките промени се одразиле врз трговијата и комуникацијата во источното Средоземје. Уште на почетокот, авторот со право укажува дека походот на Александар, а и создавањето нови кралства, предизвикале суштествена прераспределба на размената во регионот. Економскиот кадар бил мошне сложен: тоа е време на постојана нерамнотежа меѓу понудата и побарувачката, време на миграции и поместувања на центрите на производство и на побарувачка, време на војни, што го спречувале етаблирањето на новите економски модели. Примерите се разликуваат од град до град и од област до област, па сепак, преку нив можат да се воочат неколку правилности: (1) голем дел од снабдувањето, дотогаш свртено кон запад, сега тргнало на исток, (2) трговијата сега се одвивала по море; на море се остварувала и најбрзата и најлесна добивка, како за трговците, така и за страната што го контролирала пристаништето; (3) новите правци на размена придонеле да се развијат и нови значајни трговски центри. Најпознат пример за ова е Родос, на крстопат на важните трговски правци од Александрија, Фојникија, северна Сирија и Кипар. Отпорот што островот му го пружил на Деметриј, освен независност, му донел на Родос и углед во трговијата; ова може да се заклучи и од зачуваните натписи што укажуваат дека главниот тек на новиот родоски cursus honorum бил нераскинливо врзан за морнарицата и за морето. Родос,

сепак, не можел да се претставува како држава, ниту да се обиде да воспостави хегемонија (што не е во прилог на тезата на Пикар за целосна независност на полисите); кралевите покажувале наклоност, зашто и тие ги користеле услугите на островот. Другиот нов трговски регион е западниот брег на Мала Азија, кој за првпат можел слободно да ги развива природните врски со Родос и со целиот Егејски басен. Податоците се скудни, но од она што е зачувано може да се претпостави дека најзначајни центри биле Бисантиј, Кисик, Александрија во Троада, како и големите јонски градови, првенствено Милет, кој доживеал вистинска политичка и економска ренесанса.

Пикар завршува со извонредно интересното прашање за монетите и валутата. Монетарниот систем во хеленистичкиот период е сложен, пред сè поради големиот број политички единки - кралеви, држави, полиси, локални заедници - кои коваат монети. Сепак, авторот успева да различи три основни категории на монети, што кореспондираат на три нивоа на трговска размена. (1) на врвот на пирамидата се големите трговски чинители, кои монетата не ја складираат, туку по можност веднаш ја претвораат во стока: станува збор за трансакциите на кралот и на државата - купопродажбата на највисоко ниво, апликацијата на средствата од данокот, исплатата на странски соработници, и т.н. За вакви трансакции била нужна монета што можела да се користи насекаде без губење на вредноста, значи - златна монета. (2) пониското ниво на размена на стоки и услуги опфаќало секојдневни локални трговски трансакции, како што се исплата на локално регрутирани војници, градски магистрати и т.н. За ова, пак, била нужна монета што можела да се користи само на помала територија, т.е., што не би можела да се прелее во благајната на соседниот град. Ова е типичен пример за употребната вредност на бронзената монета, што претходно служела како средство за најситната стоковна размена, но сега, очигледно, имала поголема важност и употребна вредност. (3) третата категорија е специфична и се јавува само спорадично: станува збор за сребрените монети, што во ова време се користат главно во потесни трговски средини (на пример, неколку полиси со заеднички политички или трговски интереси), или пак територија на која имало важно трговско средиште (Родос и соседните острови).

Општо земено, динамизмот на трговската размена е во согласност со ставот на Ростовцев, кој говори за глобално збогатување во светот на хеленистичките кралства. Показ за ова е не само бележитиот развој на архитектурата во II век ст.е, големите градски центри и приватните живеалишта како и сè почестото користење на квалитетни, дури луксузни материјали за градба.

Со прегледот на новите културни закономерности во *четвртата глава* (*„Делот на боговите и на музите“*, 127-136), О. Пикар го заокружува приказот на создавањето и устројството на големите македонски кралства во раниот хеленистички период.

Прашањето е поставено правилно и на вистинското место: исто како и воено-политичката рамнотежа и трговската размена, пред нови искушенија се нашле и културната и религиозната сфера. Клучната улога, што дотогаш ја имале полисот и поедниците, сега е во доменот на кралевите. Тие, пред сè, образувале нови интелектуални институции, со што го отвориле патот кон создавање на нови научни дисциплини, а освен тоа, грижата за научниот и културниот

развој сега ја презела државата. Ова е време во кое научното и сакралното се врзани со нераскинлива врска: александрискиот Мусејон, на пример, е замислен како религиозна институција чии членови живеат од приходите на светилиштето; но, Мусејонот во исто време е и институција чија можеби најважна цел е научното истражување.

Во *втората голема целина* од овој труд - „*Интеграцијата во римската империја*", (стр. 147-213) се поставени безмалку истите прашања како и во првата; сепак, горна граница е 190 ст.е., односно времето по римската победа кај Магнесија. Целината ја сочинуваат три глави: „*Менување на војувањето*" (О. Пикар, 149-166), „*Трговијата меѓу постојаноста и менувањата*" (О. Пикар, 167-187) и „*Градовите во римскиот imperium*" (О. Пикар, Д. Прево и Ф. де Калатај, стр. 188-231).

Основно обележје и на овој период се сложените воени и политички собитија што го означиле преминот од старото во новото. Последиците од поразот на најмоќното хеленистичко кралство не се почувствувале ненадејно. Римското присуство во Азија долго време било спорадично, а почнало поизразено да се чувствува дури по формирањето на провинцијата во 133 ст.е.; апсолутната доминација на Рим, пак, ќе биде воспоставена дури по кризата предизвикана од Митридат (88-85 ст.е.). Сепак, за хеленистичките кралства немало илузии: Римјаните уште на почетокот, особено од 190 ст.е., јасно укажале дека нема да дозволат опстанок на кој и да е град или држава и дека имаат аспирирации за предводништво во целото Средоземје; Сенатот не можел да дозволи постоење дури и на сили што во мигот се послаби, зашто тие можеле да се групираат и да окрупнат, загрозувајќи ги на тој начин римските амбиции. Значи, воспоставањето на римскиот imperium се вршело бавно и етапно, но неговата цврста идејна подлога бескомпромисно го означила почетокот на сосема нов период во историјата на источното Средоземје.

Ова, впрочем, е мошне јасно прикажано во *петтата глава* - „*Менување на војувањето*" (149-166), каде О. Пикар го анализира судирот на двете различни воени традиции и последиците за војувањето. Римјаните доаѓале со воено супериорната легија, водена од решителен и неуморен политички авторитет - Сенатот; од друга страна, Антиох имал побројни сили, слонови, бил добар и испробан стратег, водел експедиции до Инд, а се борел и на свој терен, меѓу симпатизери и сојузници. Но Антиох, едноставно, претрпел пораз; откако Скипион кај сипилска Магнесија успел да ја разбие најсилната македонска војска во тоа време, немало човек на истокот што не ја сфатил поракатa што доаѓала од Рим. Уште поважно, кралот не бил совладан само физички: неговиот морален пораз предизвикал речиси општа малодушност, што ја чувствувале дури и неговите наследници.

Прашањето за малодушноста и неспособноста на последните хеленистички владетели е тема што, несомнено, заслужува засебен труд; сепак, дури и во кусата анализа, авторот успеал да ги постави проблемите извонредно јасно и прецизно. Основниот проблем е што изворите ги претставуваат последните Антигониди, Селевкиди и Птолемаиди речиси гротескно, како сурови и неспособни моќници, за чија слабост, наводно, најубаво сведочат римските победи. Всушност, вистината е дека примарните извори за овој проблем се толку скудни, што е речиси невозможно да се зборува за воената и дипломатската вештина на овие кралеви, без да се згреши.

Како сево ова се одразило врз животот на градовите, и каков бил римскиот став? Сенатот дури трипати прокламирал слобода за градовите (во 196, 189 и најпосле во 133 ст.е.), но, станувало збор за нерамноправна и нејасна слобода. Римјаните гарантирале дека во градовите ќе нема туѓи стражи (*aphrouretoi*) и дека од нив нема да се бара редовна даночна исплата (*aphoretoi*); па сепак, во случај на потреба, Рим воопшто не се двоумел да разместува сили и да бара материјална поддршка од истите „слободни" градови. Прва грижа на Рим била да ги „ослободи градовите" (едни од данок, други од стражи, трети од кралски заповеди), но единствен што можел да суди за исправноста, успехот и последиците од ова ослободување бил повторно Рим. Градовите, всушност, повторно се соочиле со стариот концепт на хегемонија: римската *maiestas* стоела наспроти нивната воено-политичката немоќ. Каква била нивната реакција? Тие и понатаму се грижеле за бедемите, за воената обука на ефебите, за наем на способни борци кои би можеле да обезбедат минимум одбрана. Но, размерот и опсегот на сево ова бил строго контролиран: за правни и верски прашања може да се разговара со соседните градови, но за безбедноста и политичката состојба се расправа само со Рим. Тоа, пак, воопшто не бил најголемиот удар; она што, веројатно, ѝ пресудило на индивидуалноста на градот е фактот што сите потфати и издатоци - војничката обука, одржувањето на јавниот ред, дури и локалните потреби на Рим - и понатаму биле финансирани од средствата на градот.

Токму за ова се говори во *шестата глава - „Трговијата меѓу постојаноста и менувањата"* (167-187). О. Пикар го разгледува начинот на кој римската воената супрематија се одразила врз големите текови на размена, врз протокот на финансии и, воопшто, врз целокупната економија на регионот. Последиците, според авторот, биле радикални: римскиот продор му ставил крај на дотогашниот проток на луѓе, стоки и пари. Првичниот удар бил зададен со огромните воени репарации: Селевкидите морале да платат 12000 таланти отштета - износ рамен на севкупниот годишен приход на Лагидите на врвот на нивната моќ, или, уште поубаво, дванаесет пати поголем од репарациите што ги плаќал Филип V. Ако се земат предвид и намалената територија на кралството, и внатрешните проблеми и немири, намалувањето на квалитетот на последните монетарните емисии на Селевкидите е повеќе од разбирливо. Вториот удар бил нанесен со менување на традиционалните патишта на размена. Во ова време, сите трговски патишта воделе кон Кампанија и Латиј: светот на средоземноморската трговија за првпат бил поделен на центар и на периферија во вистинска смисла на зборот. Александрија - како трговско средиште - била само prima inter pares, но сега сиот трговски свет гравитирал кон една точка и еден финансиски и економски центар - нешто сосем некомпатибилно со искуствата на хеленистичкиот свет. Ако се остават настрана Рим и Италија, едно од ретките трговски средишта што напредува е Делос. Но, што всушност е Делос? Во ова време, Делос бил port franc по волја на римскиот Сенат, место каде трговците од Истокот, Мала Азија и Хелада се среќавале со трговците од Италија. Најпросперитетната воniталска населба во ова време не била ниту центар на консумација, ниту пак центар на продукција, туку едноставно - еден вид модернизиран емпорион.

Ова, секако, не значи дека градовите се откажале од нивните вообичаени економски активности; тие и понатаму тргувале, но во многу потесни рамки и на многу пониско ниво; во големата трговија, за градовите речиси и да немало место: ова, пак, ѝ внушило нов живот на бронзената монета, која станала речиси универзално средство за плаќање на локално ниво. Впрочем, последната голема промена е врзана токму за монетите. До римско време, најзначајната монета била кована од најголемата воена сила во моментот: Атина, Филип, Александар, Лагидите или Селевкидите. По навлегувањето на Рим, врската меѓу воените активности и монетарните емисии веќе ја нема. Римјаните ниту можеле, ниту пак сакале да ја промовираат нивната монета како универзално платежно средство во Средоземјето, што предизвикало вистинска ренесанса на градските монетоковања. По 160 ст.е., кога најпосле ќе запре ковањето на монетите на Александар, улогата на општо прифатена монета во целиот регион ќе ја преземат градските, т.н. „стефанофорни" тетрадрахми, ковани според намален атички стандард.

Најпосле, по сите овие преустројства, пореметувања и прекини, што им останало на градовите како политички единки? Со ова прашање се занимаваат О. Пикар, Д. Прево и Ф. де Калатај во седмата глава - *„Градовиѿе во римскиоѿ imperium"* (стр. 188-231), која, всушност, е и врв на целиот труд.

Појдовна точка за анализа во последната глава е констатацијата дека победата на Рим ѝ ставила крај на внатрешната рамнотежа врз која почивале големите хеленистички кралства, нешто што, во помала или поголема мера, се почувствувало и во секој град. Но, Рим не брзал да го заземе местото на кралевите. Двете страни речиси не се познавале, та Рим - би се рекло, сосем оправдано - решил да не презема радикални чекори сѐ дури не го почувствува пулсот на новоосвоените територии и народи. И навистина, иако кралевите биле поразени, а нивните воени сили уништени, не е забележано никакво уништување на знаците на кралското величие: нема систематско уништување на статуи, ниту пак менување на календарите. Дури и т.н. кралски свечености, порано финансирани од кралевите, исчезнале не поради одбивност или забрана, туку поради финансиски тешкотии; и градбите изградени од кралевите, сѐ уште го носеле нивното име.

Градовите, значи, не само што не биле непосредно притиснати, туку добиле нова можност за подем, барем во локални рамки - проблемот, според авторот, се состоел во тоа што не биле способни да ја искористат. Навистина, нивниот внатрешен политички живот во голема мера останал негибнат; но, за да се искористат можностите што ги нудело новото време, била потребна и соодветна финансиска моќ, што градовите - по неколкуте последователни и радикални економски престројувања - неповратно ја загубиле. И повеќе од тоа: со исклучок на новите трговски средишта, градовите сѐ повеќе ги користеле услугите на т.н. големи евергети, чија политичка и материјална помош станала главен предуслов за непречено функционирање на заедницата. Типичен пример за ова се декретот во чест на Менип од Колофон, како и неколкуте документи за услугите на Диодор Паспар од Пергам. Со опсежна и прецизна анализа на овие изворни документи, авторот успева да создаде јасна слика за дејностите и услугите на големите евергети воопшто, како и за обврските што

градовите ги имале кон нив. Овие теми се разгледуваат и во второто и третото поглавје од оваа глава, преку специфични, практични примери: Д. Прево пишува за Јудеја под власта на Селевкидите, а Ф. де Калатај ја разгледува состојбата во Понтското кралство.

Последното интересно прашање се однесува на внатрешниот развој на градските институции, но навестува еден поширок и посериозен проблем: прашањето за еволуцијата на политичкиот светоглед и новиот начин на кој се воспримале традиционалните категории од политичкиот живот. Основна одлика на класичниот период била јасно изразената спротивставеност на демократијата и олигархијата како принципи на раководење со една политичка заедница. Но, зачуваните епиграфски извори навестуваат дека работите во ова време се воспримале малку поинаку: од она што може да се види, на пример, на двојазичните натписи, демократијата се поистоветува со латинскиот термин *libertas*, а наспроти неа стои тиранијата. Според новото равенство, секој полис каде владеат закони е демократски, што нè наведува да се запрашаме што, всушност, се случило со олигархијата. Одговорот е мошне интересен. Новите собития, освен што предизвикале повторно социјално раслојување на жителите, отвориле пат за нова еволуција на институциите, што сега биле врзани за потесниот социјален слој на имотни граѓани, зашто единствено тие, благодарение на нивната финансиска моќ и углед, заслужувале доверба и можеле да го обезбедат непреченото функционирање на градот. Според сè, се чини дека демократијата во хеленистичкиот период еволуира и, во основа, станува олигархиска. Ова, од една страна, покажува дека старите полисни идеали (исполнување на обврските кон полисот, лично жртвување во полза на единството и просперитетот на заедницата), иако видоизменети, сè уште живеат; но, од друга страна, ваквиот происход на нештата најпосле го означува крајот на демократијата во класична смисла на зборот и, со неа, дефинитивниот крај на полисот како тип на уредување (што, пак, уште еднаш ја става под прашање тезата за полисот како независна државна единка во рамките на хеленистичките монархии).

Неколку завршни збора. Авторите на овој значаен и, по многу нешта, иновативен труд во целост ја исполнија задачата што си ја поставиле: наместо со приказ на воени и економски случувања во хеленистичкиот период, читателот е награден со стручна, сложена и детална анализа на низа проблеми, што можела да резултира и со повеќе тематски трудови. Со оглед на комплексноста на третираните прашања, единствениот технички недостаток е немањето на каков и да е индекс, кој мошне би го олеснил читањето. Тоа, сепак, ни најмалку не го намалува значењето на трудот, кој бездруго ќе биде незаобиколна појдовна точка за секој истражувач што намислил посериозно да се зафати со истражување на политичките и економските процеси во хеленистичкиот период.

*Војислав Саракински*,
Филозофски факултет, Скопје